РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-1891/10
30-12-2020

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 45 та седница одржана на ден 29.12.2020 година, ДКСК донесе

**ОДЛУКА**

**Согласно член 76 став 6 од** Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси **се констатира состојба на судир на интереси кај лицето -----------** – член на ---------------, затоа што спротивно на член 44 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 20 и член 24 став 1 од Законот за адвокатура, извршува јавна функција како член на --------- и врши адвокатска дејност.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, оваа Одлука се доставува до службеното лице ------------- за известување и се бара од истиот во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, со постапување на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на функцијата член на ----------- или
2. Да ја стави во мирување адвокатската дејност до престанок на извршување на јавната функција.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 09-1891/1 од 07.05.2020 година е оформен врз основа на добиена анонимна пријава против -------------, член на -------------------.

Во пријавата е наведено дека службеното лице --------------- е именуван за член на ---------------- со Одлука за именување на членови на -------------- со бр. 08-634/1 од 28.01.2019 година, донесена од Собранието на РСМ и објавена во Службен весник на РМ бр. 19 од 29.01.2019 година. Истовремено тој е вршител на самостојна дејност – адвокат.

За потврдување на наводите од пријавата, ДКСК се обрати до Агенцијата за ----------- со Барање бр. 09-1891/3 од 17.09.2020 година, до Управата за јавни приходи со Барање бр. 09-1891/2 од 17.09.2020 година и до самото службено лице со Барање за достава на податоци и информации со бр. 09-1891/4 од 17.09.2020 година. ДКСК исто така изврши проверка и во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Државната комисија констатира дека во конкретниот случај лицето --------- се наоѓа во состојба на судир на интереси, бидејќи во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси има статус на службено лице и извршува јавни овластувања и должности како член на ---------------.

Имено, истиот со статус на именувано лице, должен е да ја почитува забраната за вршење на други дејности согласно член 44 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 20 и член 24 став 1 од Законот за адвокатура:

Член 44 став 1

*„ (1)Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и **законите.**„*

Член 20

*„Адвокатот не може да врши јавна функција или професија и друга јавна служба"*

Член 24 став 1

*„На адвокат избран или именуван на јавна функција, вршењето на адвокатската дејност му мирува до престанување на функцијата"*.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на 45 та седница заклучи дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите од пријавата според кои лицето -----------** бил именуван за член на -------------, но истиот кога стапил на функција не постапил согласно член 24 став 1 од Законот за адвокатура, а со тоа ја повредил и забраната за вршење на други дејности пропишана во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, службеното лице --------- не го почитувал правилото за неспоивост на функцијата со друга дејност, односно спротивно на Законот за адвокатура како lex specialis кога бил именуван за член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации не ја ставил во мирување адвокатската дејност, по што **се потврдува состојба на судир на интереси.**

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице -------------, член на ------------- со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, со постапување на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на функцијата член на ---------------- или
2. Да ја стави во мирување адвокатската дејност до престанок на извршување на јавната функција.

Службеното лице потребно е да ја извести ДКСК со приложување на доказ за постапувањето во рок од 15 дена од доставување на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З. – советник
Одобрил: м-р Ш.С. – член на ДКСК